Врз основа на член 8 став 4 од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани а мнеплатени обврски (Сл.весник на РМ бр.209/2018), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За усвојување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани, а неплатени обврски до 30.09.2018 година

## Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани, а неплатени обврски пријавени во Електронскиот систем за пријавување на евиденцијата на обврските (ЕСПЕО) до 30.09.2018 година, а кој се финансирани од доделени средства од државниот буџет.

## Член 2

Општина Пробиштип заклучно со 30.09.2018 година во ЕСПЕО има пријавено доспеани а неплатени обврски во износ од 72.737.150,00 денари .

Од државниот буџет на општина Пробиштип како финансиска подршка за раздолжување на обврските од ставот 1 на овој член, се доделени 37.095.946,00 денари кој се уплатени на посебна наменска сметка на општината на 30.11.2018 година.

## Член 3

По завршување на јавниот повик за преговарање се пријавија вкупно 27 доверители кој се наведени во извештајот изготвен на пропишан образец од министерството за финансии.

## Член 4

Доверителите наведени под реден број 1 до реден број 10 во Извештајот во фазата на преговарање, целосно се откажаа од камата или процентуално го намалија главното побарување во процент наведен во извештајот. Побарувањето под реден број 11 се однесува за надоместоци на Претседателите, нивните заменици, членовите и замениците на Избирачките одбори како и надоместоци на Претседателот неговиот заменик, членовите и нивните заменици како и секретарот на Општинската изборна комисија кое произлегува од Локалните избори 2017 година и кое општината имаше обврска да го намири од својот буџет, за кое во име на сите изборни органи преговараше претседателот кој истакна дека не бара камата но дека нема овластување да го намалува главното побарување во

име на сите учесници, и истото без камата ќе се исплати на сметка на секој учесник во избирачките органи.

За исплата на доверителите од реден број 1 до реден број 11 се потребни 14.690.483,00 денари

Член 5

Побарувањата на доверителите под реден број од 12 до реден број 27 во вкупен износ од 35.198.628,00 денари, во фазата на преговарање истите се откажаа во целост од камата, а главницата не ја намалија, ќе бидат исплатени со остатокот од средствата во вкупен износ од 22.405.463,00 денари или подеднакво со 63,65% од главницата, со поединечно изразен износ за секој доверител во колона 7 од Извештајот.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Член 7

Одлуката со Извештајот да биде објавена на ВЕБ страната на општина Пробиштип.

Број 26-50/3
18.01.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски